# НОВ ОБЕЛИСК И УШТЕ ДВЕ ВРБИ ВО ВАРДАР

**Вардар ќе се пошуми со уште две нови жални врби, кои се планира да се „насадат“ од двете страни на пешачкиот мост што ќе се гради меѓу Музејот на ВМРО и Стариот театар, а кој треба да биде и платформа за Панорамското тркало.**

Доколку за трите врби кои веќе се поставија во водите на Вардар, Министерството за култура искешира 250.000 евра, во очекување е друго непродуктивно кастрење на буџетот за околу 160.000 евра. Покрај новите врби, центарот ќе добие уште еден обелиск, овојпат со фонтана, меѓу новиот објект на Министерството за надворешни работи и МОБ. Поточно, во тој дел се предвидува да се изгради седумкатница за потребите на државната администрација, а во склоп на таа градежна парцела предвидена е фонтана со обелиск.



ВРБИ „ПОШУМУВАЊЕТО“ НА ВАРДАР НЕ ПРЕСТАНУВА

Споменик со обелиск висок повеќе од дваесет метри е дел и од огромното здание во паркот „Жена борец“, кој се постави во чест на Паднатите херои на Македонија.

Панорамското тркало, за чиј проект Градската власт предвиде околу 500.000 евра, најверојатно нема да почне да се гради оваа година. Идејното решение за изгледот на Панорамското тркало што ќе се врти над Вардар, е дело на австриски архитекти, од архитектонската фирма „Масабни архитектс ГмбХ“, кои патем се и автори на фасадата на хотелот „Мериот“ што се гради на градскиот плоштад. Концептот на Австријците, кој Градот мистериозно го чува во тајност, на скопјани им нуди панорамски рингишпил со кочии на кои ќе бидат поставени дури и тркала.

Преродбеничката визија на „незнајниот македонски архитект“ спротивстави многу различни ставови околу функцијата и естетиката на новите содржини во центарот на метрополата, но не произведе доволно стручни дебати околу развојните насоки кои сосема го сменија идентитетот на градот. Така, на растојание од само неколку стотина метри, водите на Вардар, според веќе утврдениот план, се окупирани со четири пешачки моста, Панорамско тркало, шест сплавови и пет врби и два водоскоци. Слична е и сликата со узурпација на зелените површини и на јавниот простор, особено на градскиот плоштад и левиот брег на Вардар, со бројни споменици и административни згради, кои создаваат помалку конфузна слика на тоа што „авторот сакал да каже“.

Последните измени на Деталниот урбанистички план врз кој се темели контроверзниот владин проект „Скопје 2014“, утврдија и десетина нови маркички за споменици долж кејот на Вардар, од страната на Градскиот трговски центар. Дополнително ќе се утврдува за какви спомен-обележја ќе стане збор.

Со најновите измени во планот, всушност, се заокружува целината на новиот барокно-дизнилендски имиџ на најрепрезентативниот дел од градот. Во тек е поставување на уште неколку споменици во паркот „Жена борец“, на тревникот на улицата Никола Вапцаров спроти „Мекдоналдс“ и на кружниот тек кај Католичката црква.

Според урбанистичкиот план во најтесното градско подрачје досега се вметнати маркички за над 80 споменици.

**Гордана М. Ваљакова**